Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 10-1187
19 12 2024 год
ВИНИЦА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (" Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), член 4 од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија"бр. 196/2015, и 35/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македониа " бр .257/2020) , член 2 и 3 од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016) и член 2 од Правилник за заштитено надворешно пријавување (" Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016), тч .1 од информацијата за преземање на мерки за борба против корупцијата бр.40-2929/1 од 02.03.2021 година од Влада на Република Северна Македонија и член 3 од Упатсвото за прием на пријавување од укажувачи (доставени заради внатрешно и надворешно пријавување), издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и и други податоци на укажувачите, Градоначалникот на Општина Виница на ден 19.12.2024 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување), издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и другите податоци на укажувачите

1. Се назначува и овластува административниот службеник, Гоце Георгиев, вработен во општинската администрација на Општина Виница, на работно место Раководител на одделение за инспекциски работи, за овластено лице за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување), издвојуваье и обработка на податоците од пријавите и обезбедуваье на заштита на личните и другите податоци на укажувачите. Овластеното лице може да се контактира на адреса : Ул.„Бел Камен" бр.13 Општина Виница и на телефонски број 071 240-137.

2. Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавуванье) е должно:

-да врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно и надворешно пријавуванье;
-да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со актот за внатрешно и надворешно пријавуванье;
-да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци; да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а надоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувњето.
4. Решението да се објави на ВЕБ страната и огласната табла на Општина Виница.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основ на член 4 од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија" бр.196/2015, и 35/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/2020) , член 2 и 3 од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016) и член 2 од Правилник за заштитено надворешно пријавување ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016), тч .1 од информацијата за преземање на мерки за борба против корупциата бр.40-2929/1 од 02.03.2021 година од Влада на Република Северна Македониа и член 3 од Упаството за прием на пријави од укажувачи (доставени заради внатрешно и надворешно пријавуваье), издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите, Градоначалникот на Општина Виница донесе решение со кое определи овластено лице за прием на пријави од укажувачи кое согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачите, како и процедурите утврдени со актот за внатрешно и надворешно пријавување, да постапува по пријавуваьето со почитување на процедурите за внатрешно и надворешно пријавуванье; да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци; да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а надоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот на Општина Виница одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение административниот службеник може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Миле Петков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВИНИЦА ОПШТИНА ВИНИЦА